З А П И С Н И К

Од 25-та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 25-та редовна седница на ден 27.09.2019 година (Петок) со почеток во 12.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците: Виолета Ристова и Фанче Томова

На седницата присуствуваа Горан Андонов и Славе Андонов претставници од општинската аддминистрација. Софче Петкова претставник од ООУ „Гоце Делчев"Василево, Јасмина Трендова Соколова претставник од ООУ„Атанас Нивичански" од Нова Маала и Даниела Трајковска претставник од детската градинка „Прва Радост" Василево.

Пред да биде предложен дневниот ред за работа на 25-та седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од 24-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 21.08.2019 година, немаше забелешќи од страна на советниците,беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

За работа на 25-та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1.Годишен извештај за работа на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево за воспитна септември 2018 – август 2019 година.
2.Одлука за утврдување на почеток и завршетокот на работното време на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево.
3.Одлука за давање согласност на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево за прием на повеќе или помалку деца од предвидениот капацитет.
4.Одлука за утврдување на Комисија за прием на повеќе деца од предвидениот капацитет на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево и утврдување на поблиски критериуми за прием на деца.
5.Годишна Програма за работа на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево за учебната 2019-2020 година .
6.Годишна Програма за работа на ООУ ,, Гоце Делчев " Василево за 2019/2020 година .

7.Развоен План 2019-2023 година на ООУ ,, Гоце Делчев " Василево .

8.Годишен извештај за работа на ООУ ,, Атанас Нивичански “ Нова Маала за учебната 2018/2019 година.

9. Годишна Програма за работа на ООУ ,, Атанас Нивичански “Нова Маала за учебната 2019/2020 година .

10.Статут на општинското основно училиште ,, Атанас Нивичански “ с.Нова Маала Василево.

11.Предлог – Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-црква на К.П.бр.1803 во КО Ангелци.

12. Предлог – Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-црква на К.П.бр.1803 во КО Ангелци.

13. Предлог – Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-црква и трем на К.П.бр.1803 во КО Ангелци.

14. Предлог – Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-црква и трем на К.П.бр.1803 во КО Ангелци.

15. Предлог – Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниоте објекти-викендица к.п.бр.953 во КО Василево вон гр. .

16. Предлог – Одлука за определување на крајбрежен појас на регулиран водотек ОДВОДЕН КАНАЛ ОК-1 во с. Гардошорци, Општина Василево, опфатен со Урбанистички план за село Градошорци, КО Градошорци, Општина Василево.

17.Предлог –Решение за разрешување на член на Училишниот одбор на ООУ ,,Гоце Делчев” Василево .

18. Предлог –Решение за разрешување и именување на член на Училишниот одбор на ООУ ,,Атанас Нивичански” Нова Маала .

19. Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Сојузот на здруженија на тутунопроизводители ,, Басмак ,, од с.Василево .

20.Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Ристо Тушев од с.Пиперево .

21. Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Киро Ѓоргиев од с.Добрејци .

22. Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од црковното настојателство при храмот ,, св. Димитриј “ с.Сушево .

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 25-та седница на Советот на општина Василево никој не се јави за збор беше ставена на гласење од 13 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

1.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред: Годишен извештај за работа на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево за воспитна септември 2018 – август 2019 година.
За збор се јави Неџат Меминов претседател на Комисијата за општествени дејностиј рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

Немаше друг пријавено за збор по првата точка од дневниот ред: Годишен извештај за работа на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево за воспитна септември 2018 – август 2019 година.беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа„ за„ „ против„ нема и „ воздржани„ 5.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: .Одлука за утврдување на почеток и завршетокот на работното време на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево за збор се јави Неџат Меминов претседател на Комисијата Општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.
По затворената расправа втората точка од дневниот ред: **Одлука** за утврдување на почеток и завршетокот на работното време на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа „ за„ „ против„ и „ воздржани„ „ нема.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: **Одлука** за давање согласност на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево за прием на повеќе или помалку деца од предвидениот капацитет за збор се јави Неџат Меминов претседател на Комисијата Општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.
Немаше друг пријавено за збор третата точка: **Одлука** за давање согласност на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево за прием на повеќе или помалку деца од предвидениот капацитет беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, нема.

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред: **Одлука** за утврдување на Комисија за прием на повеќе деца од предвидениот капацитет на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево и утврдување на поблиски критериуми за прием на деца за збор се јави јави Неџат Меминов претседател на Комисијата Општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 од присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Марјан Трајков член на Советот на општина Василево Побара образложение околу условите и критериумите за прием на деца во ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево.

Даниела Трајковска представник од ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево рече дека за детската градинка Прва радост ,, Василево со капацитет од 50 дечиња и малата градинката Славејче во Моноспитово со капацитет од 40 деца секоја година се бара од Советот да донесе Одлука да одобри дали градинката може да функционира со поголем или помал број на деца за тоа како основач одобрение дава општината доколку има услови да фунционира и со повеќе деца. Градинката,, Прва радост ,, Василево има инвентар за околу 70 деца, секојдневно не присуствуват толку деца што може да се надмине капацитетот но има и посебни услови кој што се практикуват. Досега се нема случено да не се примат деца, сепак кога станува збор за поголем број на деца можност и приоритет е да бидат примени деца без родители, со еден родител и самохрани мајки тоа е дадено во Одлуката има посебни критериуми, досега се нема случено да не биде незгрижено ниту едно дете.

Немаше друг пријавено за збор**:** **Одлука** за утврдување на Комисија за прием на повеќе деца од предвидениот капацитет на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево и утврдување на поблиски критериуми за прием на деца, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

5.

По отворената расправа по петата точка од дневниот ред **Годишна Програма** за работа на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево за учебната 2019-2020 година за збор се се јави Неџат Меминов претседател на Комисијата Општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 од присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор петата точка од дневниотвред: **Годишна Програма** за работа на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево за учебната 2019-2020 година , беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 5.

6.

По отворената расправа по шестата точка од дневниот ред: **Годишна Програма** за работа на ООУ ,, Гоце Делчев " Василево за 2019/2020 година, за збор се јави Неџат Меминов претседател на Комисијата Општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор **Годишна Програма** за работа на ООУ ,, Гоце Делчев " Василево за 2019/2020 година., беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 5.

7.

По отворената расправа по седмата точка од дневниот ред: Развоен План 2019-2023 година на ООУ ,, Гоце Делчев " Василево за збор се јави Неџат Меминов претседател на Комисијата за Општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

.Марјан Трајков член на Советот на општина Василево побара кратко образложение за развојниот план на ООУ ,, Гоце Делчев " Василево.

овче Петкова претставник од ООУ ,, Гоце Делчев " Василево рече дека развојниот план зе изготвува еднаш во 4 години сега се изготвува во 2019 година и ке важи до 2023 година. Во изготвувањето на развојниот план на училиштето учествуват наставници, директори ученици и родители во локалната заедница.

По затворената расправа седмата точка од дневниот ред: Развоен План 2019-2023 година на ООУ ,, Гоце Делчев " Василево., беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 5.

8.

По отворената расправа по осмата точка од дневниот ред **Годишен извештај** за работа на ООУ ,, Атанас Нивичански " Нова Маала за учебната 2018/2019 година, за збор се јави Неџат Меминов претседател на Комисијата за општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа ,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Марјан Трајков член на Советот побара образложение.

Јасмина Трендова Соколова претставник од ООУ ,, Атанас Нивичански “ Нова Маала даде образложение за **Годишен извештај** за работа на ООУ ,, Атанас Нивичански “ Нова Маала за учебната 2018/2019 година, рече дека училиштето оваа година нема изготвено развоен план бидејќи е предходно изготвен. Има изготвено нова годишна програма по подрачни училишта посебно образожение е дадено за секое подрачно училиште со каков капацитет располага и во какви услови учениците изведуват настава. Рече дека посебни проблеми има со училиштето во Висока Маала таму учениците посетуват настава во старата училишна зграда а има и нова училишна зграда која што не е во употреба која е комплетно опремена но има проблем со локалното население. Минатата недела имаше претставници од санитарната инспекција во посета на училиштето во старата училишна зграда . Училиштето го има посетено и просветен инспектор гос. Горги Митров во процедура е да се заврши сета таа агонија која трае и учениците да бидат префрлени во новата училишна зграда. Во годишната програма посебно е дадено со какви инфраструктурни услови располага по подрачни училишта, посебно е дадено по секој наставен предмет по колку часови ќе има следната учебна година, дадени се и изборните предмети кој што се предават во училиштето. Во шесто одделение Етика со религија го изучуват како наставен а во седмо и осмо одделение ги изучуват изборните предмети вештина на живеење, основи на програмирање и техничко образование. Минатата година како втор наставен јазик се изучуваше Италјанскиот јазик оваа година го нема бидејќи повеќето родители се изразија да го изучуват Германскиот јазик затоа како втор наставен јазик ке се изучува Германскиот јазик. Во четврто и пето одделение како изборен е избран творештво но наставната програма е обилна се бара ногу труд сметат дека тука треба нешто да се смени, родителите не се заинтересирани за овој изборен преднет и во четврто и пето оделение нема да се изведува овој изборен предмет. Исто така во годишната програма планирани се ученички екскурзии за шесто оделение дводневни за трето тродневни за трето е планирана настава во природа. Рече дека структурата на родители е на ногу ниско ниво најголем број родители се со основно образование што е голем проблем и за учениците и за родителите. Во училиштето наставата се изведува во две смени од шесто до девето одделение се прва смена и од прво до пето одделение втора смена. Во подрачните училишта Чанаклија и Добрашинци наставата се изведува во една смена а во училиштето во Висока Мала бидејќи има голем број на ученици наставата се изведува во две смени наставата се извдува во две училници и затоа се преферира да бидат префрлат дел од подолните одделенија во новата училишна зграда бидејќи во моментот седат по три ученика на клупа, нема услови а желба на родителите е наставата да ја посетуват таму. Просечниот успех на ниво на целото училиштето е 3,22 . Исто така има предложено план за педагог и психолог, нема дефектолог и социјален работник нема ниту библиотекар.. Исто така има дополнителна настава за слабите ученици и додатна за јаките ученици.

Ракип Асанов член на Советот на општина Василево постави прашање околу условите за старата училишна зграда во Висока Маала рече дека не се добри ни во новата училишна зграда, не е средена како што треба ниту е оградено училиштето, таму може да посетуват настава 35 ученика моментално се околу 100 ученика се согласува дека некој мора да бидат и во старото училиште проблемот е што нема услови за работа. Побара да се преземат мерки да се подобрат условите и во старато училиште.

Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека градоначалникот беше на состанок во Висока Маала разговарано е дека ќе се реши проблемот ќе бидат подобрени условите за да се префрлат децата во новата училишна зграда, бидејќи дел од родителите не ги пуштаа

децата на училиште. Побарано е и превоз да им биде обезбедено училишната зграда да се реновира исто така да се реновира и да се подобрат условите и во старото училиште.

Јасминка Трендова Соколова претставник од ООУ ,, Атанас Нивичански " Нова Маала рече дека веќе се планира во новото училиште да бидат учениците од четврто и пето можно е и трето одделение а прво и второ да останат во старата училишна зграда. Од санитарната инспекција е наложено на директорката да се санира до одредениот временски период бидејќи директорката и училиштето ќе ги сносат последиците. Во план е да се огради новото училиште и да се префрлат децата во новото училиште.

Немаше дреуг пријавено за збор осмата точка, **Годишен извештај** за работа на ООУ ,, Атанас Нивичански " Нова Маала за учебната 2018/2019 година. , беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 5.

9.

По отворената расправа по деветата точка од дневниот ред: . **Годишна Програма** за работа на ООУ ,, Атанас Нивичански "Нова Маала за учебната 2019/2020 година за збор се јави Нецат Меминов претседател на Комисијата за општествени дејности рече дека комисијата на седницата го разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено деветата точка. **Годишна Програма** за работа на ООУ ,, Атанас Нивичански "Нова Маала за учебната 2019/2020 година, беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 5.

10.

По отворената расправа по 10 –та точка од дневниот ред **Статут** на општинското основно училиште ,, Атанас Нивичански " с.Нова Маала Василево.за збор, се јави Блаже Коцев претседател на комисијата за Статут и Прописи рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено десетата точка **Статут** на општинското основно училиште ,, Атанас Нивичански " с.Нова Маала Василево, беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 5.

11.

По отворената расправа по 11 –та точка од дневниот ред: **Предлог – Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-црква на К.П.бр.1803 во КО Ангелци.. за

збор се јави Крсте Панев претседател на комисијата за урбанизам рече дека комисијата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа за,, против,, и ,, воздржани,,нема.
Немаше друг пријавено за збор единаесетата точка **Предлог – Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-црква на К.П.бр.1803 во КО Ангелци, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, против,, нема и ,, воздржани,, нема.

12.

По отворената расправа по 12 –та точка од дневниот ред. **Предлог – Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-црква на К.П.бр.1803 во КО Ангелци.за збор се јави Крсте Панев претседател на комисијата за урбанизам рече дека комисијата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа за,, против,, и ,, воздржани,,нема.
Немаше друг пријавено за збор дванаесетата точка **Предлог – Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-црква на К.П.бр.1803 во КО Ангелци.за беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, против,, нема и ,, воздржани,, нема.

13.

По отворената расправа по 13 –та точка од дневниот ред: **Предлог – Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-црква и трем на К.П.бр.1803 во КО Ангелци. збор се јави Крсте Панев претседател на комисијата за урбанизам рече дека комисијата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа за,, ,, против,, и ,, воздржани,,нема.
Немаше друг пријавено за збор тринаесетата точка од дневниот ред: **Предлог – Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-црква на К.П.бр.1803 во КО Ангелци.за беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, против,, нема и ,, воздржани,, нема.

14.

По отворената расправа по 14 –та точка од дневниот ред: . **Предлог – Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-црква и трем на К.П.бр.1803 во КО Ангелци. . збор се јави Крсте Панев претседател на комисијата за урбанизам рече дека комисијата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа за,, ,, против,, и ,, воздржани,,нема.
Немаше друг пријавено за збор четарнаесетата точка од дневниот ред . **Предлог – Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-црква и трем на

К.П.бр.1803 во КО Ангелци беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, нема.

15. .

По отворената расправа по 15 –та точка од дневниот ред: **Предлог – Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниоте објекти-викендица к.п.бр.953 во КО Василево вон гр. .Ангелци. за. збор се јави Крсте Панев претседател на комисијата за урбанизам рече дека комисијата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 3 гласа за,, ,, против,,нема и ,, воздржан,,1.

Немаше друг пријавено за збор петнаесетата точка од дневниот ред: **Предлог – Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниоте објекти-викендица к.п.бр.953 во КО Василево вон гр. Ангелци беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 5.

16.

По отворената расправа по 16 –та точка од дневниот ред: . **Предлог – Одлука** за определување на крајбрежен појас на регулиран водотек ОДВОДЕН КАНАЛ ОК-1 во с. Гардошорци, Општина Василево, опфатен со Урбанистички план за село Градошорци, КО Градошорци, Општина Василево за збор се јави Крсте Панев претседател на комисијата за урбанизам рече дека комисијата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 3 гласа за,, ,, против,,нема и ,, воздржан,,1.

Горан Андонов претставник од општинската аддминистрација даде образложение рече дека во тек е изработка на урбанистички план во село Градашорци. За одобрување на истиот има стигнато насоки од Министерството за животна средина сектор води дека одводниот каналот што се наоѓа во населено место Градашорци треба да има заштитен појас бидејќи е како река потребно е во Одлуката да има 3м заштитен појас од северната страна 10 м. Советот треба да донесе Одлука и урбанистичкиот план да почне да функционира за село Градашорци.

Марјан Трајков член на Советот на општина Василево праша дали се однесув за појасот во селото има куќи кој се до самиот порој не му е јасно за каков појас станува збор од 3 и 10 м според него смета дека не е изводливо.

Горан Андонов претставник од општинската аддминистрација рече дека се работи за порој што иде од Едрениково и излегува во Индустриската зона. Пред донесување на урбанистичкиот план сите објекти кој што се изградени ќе влезат во тој заштитен појас но со донесување на урбанистичкиот план нема да може да се даде одобрение за градба доколку влева во заштитниот појас затоа што во катастерот е внесен како река.

Немаше друг пријавено за збор шеснаесетата точка од дневниот ред: **Предлог – Одлука** за

определување на крајбрежен појас на регулиран водотек ОДВОДЕН КАНАЛ ОК-1 во с. Гардошорци, Општина Василево, опфатен со Урбанистички план за село Градошорци, КО

Градошорци, Општина Василево беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 5.

17

По отворената расправа по 17 –та точка од дневниот ред: Предлог –Решение за разрешување на член на Училишниот одбор на ООУ ,,Гоце Делчев" Василево за збор се јави Крсте Панев претседател на комисијатаза мандатни прашања избор и именување речe дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена со 3 гласа за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,,2. го разреши Миле Трајчев.

Немаше друг пријавено за збор Предлог –Решение за разрешување на Миле Трајчев член на Училишниот одбор на ООУ ,,Гоце Делчев" Василево беше ставено на гласење од од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го разреши Миле Трајчев со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 5.

18.

По отворената расправа по 18 –та точка од дневниот ред: Предлог –Решение за разрешување и именување на член на Училишниот одбор на ООУ ,,Атанас Нивичански" Нова Маала за збор се јави Крсте Панев претседател на комисијатаза мандатни прашања избор и именување речe дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена со 3 гласа за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,,2. ги разреши Виолета Тонева и Јорданчо Наков и за нов член на Училишниот одбор на ООУ ,,Атанас Нивичански" Нова Маала го назначи Мартин Атанасов. .

Немаше друг пријавено за збор Предлог –Решение за разрешување на Виолета Тонева и Јорданчо Наков и назначување за нов член на Училишниот одбор на ООУ ,,Атанас Нивичански" Нова Маала .. Мартин Атанасов. беше ставено на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 5.

19.

По отворената расправа по 19 –та точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Сојузот на здруженија на тутунопроизводители ,, Басмак ,, од с.Василево за збор се јави Атанас Ристов претседател на комисијата за финансии речe дека комисијата на седницата го разгледа Барањето , беше усвоен предлогот од комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 8.000 денари од 4 присутни члена комисијата го усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 1.

Наце Коцев член на Советот праша побара од советникот Марјан Трајков да даде образложение речe дека неколку пати се доделуват средства праша зошто и како ке ги употреби овие средства.

Марјан Трајков во врска со поставеното прашање од советникот Наце Коцев, бидејќи Барањето е доставено од него рече дека се работи за средства од 30.000 денари, општината не е во можнос од еднаш да му додели договорено е да бидат распоредени на етапи.

Во годишниот план кој дејности ги врши Сојузот на здруженија на тутунопроизводители ,, Басмак ,, од с.Василево врши услуги склучува договори им се вршат услуги на тутунопроизводителите при поднесувањена евиденциони листови се плакат ангажирани лица при самиот откуп се ангажират народни странки за тоа е потребно и гориво.

Немаше друг пријавено за збор предлогот од комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 8.000 денари по Барање за финансиски средства поднесено од Сојузот на здруженија на тутунопроизводители ,, Басмак ,, од с.Василево беше ставено на гласење .поради судир на интереси Марјан Трајков беше иземен од гласање од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 7 гласа,, за,, ,, против,, 5 и ,, воздржани,, нема .

20.

По отворената расправа по 20 –та точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Ристо Тушев од с.Пиперево за збор се јави Блажо Коцев член на комисијата за финансии рече дека комисијата на седницата го разгледа Барањето , беше усвоен предлогот од комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 40.000 денари од 4 присутни члена комисијата го усвои со 4 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, немаше..

Наце Коцев член на Советот на општина Василево рече дека има забелешка при исплаќање на средствата има доделено средства од 30,000 денари на деца сиромашни од селото каде што тој потекнува, Советот одамна има донесено Одлука но средствата сеуште не се исплатени, праша кога ќе бидат исплатени

Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека градоначалникот треба да провери дали од предходната година сеуште не е исплатено доколку навистина не се исплатени ќе бара како и на кој начин одобрените средства да бидат исплатени.

Немаше друг пријавено за збор предлогот од комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 40.000денари по Барање за финансиски средства поднесено Ристо Тушев од с.Пиперево.,беше ставено на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани нема.

21.

По отворената расправа по 21 –та точка од дневниот ред: 21. Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Киро Ѓоргиев од с.Добрејци за збор се јави Атанас Ристов претседател на комисијата за финансии рече дека комисијата на седницата го разгледа Барањето , беше усвоен предлогот од комисијата да се доделат

финансиски средства во износ од 6.000 денари од 4 присутни члена комисијата го усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 1.

Немаше друг пријавено за збор усвоениот предлого од комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 6.000 денари по Барање за финансиски средства поднесено од Киро Ѓоргиев од с.Добрејци беше ставено на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, 5 и ,, воздржани нема.

22.

По отворената расправа по 22 –та точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од црковното настојателство при храмот ,, св. Димитриј " с.Сушево за збор се јави Атанас Ристов претседател на комисијата за финансии рече дека комисијата на седницата го разгледа Барањето, беше усвоен предлогот од комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 15.000 денари од 4 присутни члена комисијата го усвои со 4 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор усвоениот предлог од комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 15.000 денари по Барање за финансиски средства поднесено од црковното настојателство при храмот ,, св. Димитриј " с.Сушево беше ставено на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја затвори 25- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:

Зора Коларова

Совет на општина Василево

Претседател,

Крсте Панев